Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

# Извадок на дел од дневни настани 02.08.2021

На 01.08.2021 во 22.40 часот на ул.„Кленоец“ во Охрид полициски службеници од ОНТДО ги лишиле од слобода Г.Г.(39) од Гостивар, и Ц.Ф.(22) од Поградец, Р.Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. Кај Г.Г. се пронајдени и одземени прашкаста материја и таблетки, а кај Ц.Ф. прашкаста материја. Тие се приведени и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 01.08.2021 во 11.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје“, на влез во државата, по извршена проверка на А.К.(52) од Р.Турција било констатирано дека се наоѓа во оперативната евиденција со мерка „апси“ по барање на МВР -Интерпол. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од Полициската станица Аеродром за понатамошна постапка.

Денеска (02.08.2021) во 00.10 часот од страна на полициски службеници од Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Тетово на автопатот Тетово –Скопје, во близина на безинска пумпа, лишени се од слобода Б.И.(38) и Ш.Б.(57), двајцата од Тетово, бидејќи кај нив бил пронајден кокаин. По документирање на случајот против нив ќе бидат изготвени поднесоци за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“, по чл. 215 од Кривичниот законик.

На 01.08.2021 во 01.05 часот од ЈЗУ Гевгелија било пријавено дека кај нив биле донесени лица повредени во сообраќајна незгода. Од полициски службеници било излезено на местото и било констатирано дека околу 00.45 часот на ул„Моински пат“, на место викано „Динќут“, мопед „РКС-снајпер 50“, со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од малолетник од с.Моин, паднал на коловозот. Во незгодата возачот и малолетната сопатничка се здобиле со тешки телесни повреди констатирани во ЈЗУ Гевгелија. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 01.08.2021 во 22.35 часот од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје и од СВР Охрид во близина угостителски објект лишен е од слобода Б.Р.(41) од Охрид. При преглед на патничко возило „БМВ“, со охридски регистарски ознаки, во кое бил Б.Р. и при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена прашкаста материја. За настанот е известен Јавен обвинител, а по документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 01.08.2021 во 22.30 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосницата од бул. „Никола Карев“, ул.„Самоилова“ и ул.„Максут Садик“, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „мицубиши“, со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Р.(25) од Скопје и електричен тротинет „нунебот“, управуван од малолетничка од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила малолетната сопатничка од тротинетот, а со телесни повреди се здобила малолетничката што го управувала тротинетот, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза“. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.08.2021 во 01.45 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во државата, бил приведен У.С.(34) од Р.Албанија, кој управувал патничко возило „мерцедес“, со албански национални ознаки. При извршена проверка било констатирано дека не поседува зелен картон, по што У.С. почнал агресивно да се однесува кон полициските службеници кои вршеле службени дејства. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициското Мирковци за понатамошна постапка.

На 01.08.2021 во 19.30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Кичево, во близина на каменолом, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „голф“, со гостиварски регистарски ознаки управувано од С.А.(24) од с.Вруток, гостиварско и патничко возило „мерцедес“, со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(41) од с.М.Речица, тетовско. Во незгодата Б.И. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Гостивар. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 01.08.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Аеродром, Д.К.(43) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански“ бил каснат од куче скитник.

На 01.08.2021 во 09.00 часот било пријавено дека на пругата Гевгелија-Скопје, во близина на циглана кај Неготино, товарен воз кој сообраќал на релација Гевгелија–Скопје, удрил во едно лице-мигрант. Во незгодата лицето се здобило со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци. Известен бил Јавен обвинител и извршен увид од увидна екипа од Полициската станица Неготино.

Во текот на изминатото деноноќие (01.08/02.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 13 прекршоци.

На 01.08.2021 во 15.20 часот во Полициската станица Аеродром, Е.А.(26) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански“ бил каснат од куче скитник.

Денеска (02.08.2021) во периодот од 02.30 до 04.30 часот полициски службеници од СВР Охрид во содејство со Единицата за брзо распоредување, по добиена судска наредба, извршиле претрес во угостителски објект и помошни простории на бул. „Туристичка“ во Охрид, при што на стојалиштето од катот била пронајдена и одземена ќеса со бела прашкаста материја. По расчистување и документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 01.08.2021 во 18.00 часот од полициски службеници од Полициската станица Гостивар во Гостивар биле лишени од слобода Д.А.(35) и Е.К.(37), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.08.2021 во 17.30 часот било пријавено дека на патот Новаци-Маково, пред влезот на трета капија од РЕК Битола, патничко возило „фиат стило“, со битолски регистарски ознаки, управувано од Р.Ќ.(64) од Битола излетало надвор од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката С.Ќ.(59) од Битола, а со телесни повреди се здобил возачот и сопатникот Б.Ќ.(39), констатирани во Клиничката болница во Битола. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Битола.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.С.(25) од с.Стримница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено произвоство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. На 12.10.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и дробилка.

На 01.08.2021 во 10.35 часот полициски службеници од СВР Тетово во Тетово го лишиле од слобода А.С.(34) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела по чл.144 ст.2 и чл.396 од Кривичниот законик. Тој околу 05.15 часот со огнено оружје и остар предмет му се заканувал на неговиот брат И.С.(41), со кого подолго време имале расправии поради нерасчистени имотни односи. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.08.2021 во 19.30 часот било пријавено дека на регионалниот пат Тетово-Јажинце, кај с.Пршовце, патничко возило „бмв“, со германски национални ознаки, управувано од Е.Џ.(57) од с.Орашје, со место на живеење во Р.Германија, удрило во пешакот С.А.(51) од с.Пршовце. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Тетово.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.М.(41) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 22.07.2021 околу 17.30 часот на ул. „Интернационални бригади“ во Скопје, полициски службеници од извршиле преглед на патничко возило „фолксваген голф“, управувано од Н.М., при што пронашле и одзеле 200 куршуми непозната марка, калибар 7.62 x 25 мм, наменети за полуавтоматски пиштол, како и од автоматско огнено оружје за кои не поседувал дозвола.

На 01.08.2021 во 10.15 часот А.И.(39) од с.Мердита, гостиварско, пријавил дека во Гостивар, по претходна расправија околу нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од Ф.М.(34) од Гостивар. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.08.2021 во 04.50 часот било пријавено дека во с.Стамер, делчевско, Д.Д.(28) од с.Стамер, управувајќи мотоцикл, изгубил контрола и паднал. Д.Д. починал на местото на незгодата, а смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Делчево.

На 02.08.2021 во 01.00 часот А.А.(40) од Скопје пријавил дека на 01.08.2021 околу 23.30 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од две лица со тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.08.2021 во 22.40 часот во Полициската станица Аеродром, Ц.Н.(38) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански“ била касната од куче скитник.

На 01.08.2021 околу 22.20 часот на подрачјето на Центар во сопствениот стан бил пронајден починат А.К.(54). Лекар констатирал смрт, увид извршила увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 02.08.2021 во 00.05 часот Р.А.(49) од Скопје пријавил дека на 01.08.2021 околу 21.00 часот во подземна гаража во трговски центар на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање, Ш.М. му се заканувал со огнено оружје. Се работи на расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет